**HALKBANK**

**Халкбанк АД Скопје** е еден од најсилните брендови на македонскиот финансиски пазар. Преку ефикасно нудење на сите банкарски услуги, создава вредност за своите клиенти, акционери и вработени. Водени од нашата визија за водечка банка во регионот, својот широк асортиман на производи го нудиме насекаде во земјата преку широката мрежа на филијали.

Согласно тековните потреби од нововработени лица во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за следната работна позиција:

## Соработник за работа со клиенти за население во Филијала Виница (Референца Бр. 013/2024)

**Потребни квалификации и карактеристики:**

- Завршено високо образование од областа на економските науки;
- Со работно искуство;
- Познавањето на англиски јазик е задолжително;
- Ориентираност кон маркетинг и промоција на продуктите на Банката;
- Одлични комуникациски вештини и одржување на одлични односи со клиенти;
- Почитување на зададени рокови и усогласување на работењето со интерната и законската регулатива
- Способност за тимска работа;
- Ориентираност кон решавање на проблеми и критичко размислување;
- Професионален изглед и однесување;
- Познавање и активна примена од MS Office алатките.

**Основни работни задачи:**

- Прием и обработка на кредитни барања;
- Промоција и продажба на производи и услуги на Банката на клиенти од население;
- Анализирање и проценка на кредитен ризик преку креирање на предлог и преложување до соодветен кредитен одбор (внес на податоците во формулар);
- Подготвување и предложување на маркетинг план за извршување на деловни активности и грижа за реализацијата;
- Грижа за своето портфолио од аспект на наплата и од аспект на обезбедување соодветен раст и стабилност на истото;
- Придонес во градењето позитивен развој на имиџот на Халк Банка;

**Бенефиции:**

- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за позицијата и ги исполнувате условите од огласот, ве охрабруваме да аплицирате **најдоцна до 13.06.2024 година**, на следниов е-маил: career@halkbank.mk со назнака: **Референца Бр. 013/2024 – Соработник за работа со клиенти за население во Филијала Виница**.

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со фотографија. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.